*Ана ДИМИШКОВСКА*

**УДК: 340.12:82-312.3**
Изворен научен труд

# МИСТЕРИОЗНАТА РАКА НА (НЕ)ПРАВДАТА: ТЕНКАТА ЛИНИЈА ПОМЕЃУ ЗЛОСТОРСТВОТО И КАЗНАТА ВО РОМАНОТ “AND THEN THERE WERE NONE” ОД АГАТА КРИСТИ

***Кратка содржина***

*Овој труд има цел да даде придонес кон истражувањето на продуктивната поврзаност помеѓу филозофијата, правото и книжевноста, во духот на современото интердисциплинарно движење познато под името „Правото и книжевноста“. Во таа смисла, тој ги анализира клучните лајтмотиви од прочуениот детективски роман “And then there were none” од Агата Кристи, откривајќи го нивниот потенцијал да ја расветлат сложеноста и длабоката егзистенцијална релевантност на некои од најзначајните прашања со кои се занимава филозофијата на правото како дисциплина. Специфичната поврзаност на идеите за правдата, вината, злосторството, одмаздата и казната, одразена во сложената структура на заплетот на овој роман, се согледува како можност да се тестираат и дополнително да се рафинираат нашите фундаментални интуиции за принципите на праведноста и за нивната практична примена.*

***Клучни зборови***: *ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАВОТО, ПРАВОТО И КНИЖЕВНОСТА, ДЕТЕКТИВСКИ РОМАН, ЗЛОСТОРСТВО, КАЗНА*

## Увод

На еден пуст, негостољубив англиски остров осум луѓе што меѓусебно не се познаваат се намамени да дојдат во исто време, под изговор дека им се нуди нешто што за нив е исклучително привлечно во дадениот момент: работа, бесплатен одмор, можност за средба со стари пријатели. Идентитетот на личноста што ги поканува не му е откриен на никого од нив. Батлерот и домаќинката во големата, луксузна куќа во која гостите доаѓаат им соопштуваат дека тие ќе го сретнат нивниот таинствен домаќин за време на првото заедничко собирање. Сепак, првата заедничка вечера донесува шокантен развој на настаните. Наместо најавената средба со непознатиот домаќин, на гостите од непознато место им се пушта грамофонска плоча на која е снимена порака што се однесува на сите нив. Пораката разоткрива дека сите личности што во тој момент се присутни во куќата (вклучително и батлерот и домаќинката) на еден или на друг начин се виновни за смртта на други човечки суштества, но некако му се измолкнале на законот: успеале да останат неказнети. Нарекувајќи ги „затвореници пред судот“ и реторички прашувајќи ги дали имаат да кажат нешто во своја одбрана, неумоливиот глас сугерира дека е дојдено времето кога сите ќе платат за своите недела.

И навистина, во следните денови, во куќата се случуваат низа мистериозни убиства во кои настрадуваат еден по еден од гостите, сè до последната личност, која извршува самоубиство. Убиствата што се случуваат ја следат структурата на детската песничка "Ten little soldiers boys", во која се опишува како исчезнуваат, во бизарни несреќни случки, еден по еден од десетте мали имагинарни војници, додека на крајот не остане ниту еден ("and then there were none", како што гласи последниот стих). Меѓутоа, идентитетот на потенцијалниот убиец останува непознат до крајот на романот: на островот, од кој поради неповолните временски услови е невозможно ниту да се дојде ниту да се замине од него, нема и не може да има никој друг освен десетте жртви! Но тогаш, кој ги убива сите нив?

Мистеријата, сепак, е разрешена во постскриптумот на романот, низ едно писмо во шише фрлено во морето, што се заплеткува во мрежите на рибарски брод. Во писмото се разоткрива дека извршител на убиствата, всушност, е еден од поканетите гости, кој го смислил и го спровел застрашувачкото сценарио што ја вклучува и неговата сопствена смрт. Имено, се работи за еден пензиониран судија со опсесивно чувство за праведност кој, директно или индиректно, дознава за луѓе кои поради несовршеноста на казнениот систем успеваат да ја избегнат казната за својата инволвираност во смртта на други човечки суштества. Така, дознавајќи дека е смртно болен, тој одлучува индивидуално да го „доврши" спроведувањето на правдата, онака како што тој ја замислува, оставајќи ја зад себе морничавата глетка на сцената на тукушто извршено масовно убиство.

Опишаниот след на настаните ја претставува фабулата на прочуениот роман "And then there were none" од Агата Кристи, кој, според широко прифатената оцена, е нејзиното ремек-дело, а едновремено, според нејзиното сопствено признание, и најтешко и најсложено за пишување.[1] Поради мајсторски воденото дејство, играњето со неизвесноста до крајните, експлозивни граници, математичката прецизност со која е организирана структурата на текстот, за љубителите на жанрот на крими-романите овој роман на Кристи нуди несомнена читателска наслада.

Меѓутоа, со прашањата што експлицитно или имплицитно ги отвора, тој далеку го надминува рамништето на возбудлива но површна и клишеизирана детективска приказна. Напротив, темите на вината, злосторството, казната, судот и правдата, кои ги отсликуваат парадоксите на човековата природа и комплексноста на ситуациите што дури и високо моралните, совесни и чувствителни човечки суштества можат да ги наведат на тешки деликти, во овој роман се третирани на начин кој него го вбројува во книжевните дела што претставуваат предизвик за филозофска анализа.

Таквиот предизвик, истовремено е и идејата-водилка на овој текст: во него ќе биде направен обид, преку книжевните лајтмотиви присутни во делото на Кристи, да се илустрираат некои од најзначајните прашања со кои се занимава филозофијата на правото како дисциплина, што особено важи за комплексниот однос помеѓу идеите за правдата и вината, злосторството, одмаздата и казната.

---

[1] Ова дело првпат е објавено во 1939 година, под насловот "Ten Little Niggers".

## 1. Прелиминарни методолошки забелешки: филозофијата, правото и книжевноста

Иако ваквиот приод може навидум да отстапува од стандардната шема на апстрактната филозофска анализа, во една поширока смисла, тој воопшто не е нов или невообичаен, ниту во содржинска ниту во методолошка смисла. Напротив, продуктивните врски помеѓу филозофијата, правото и книжевноста го имаат привлечено вниманието на голем број современи истражувачи, заинтересирани за проучувањето на правните теми и поврзаните со нив етичко-антрополошки прашања третирани во делата на прочуените писатели, какви што се Ајсхил, Софокле, Еврипид, Шекспир, Достоевски, Кафка, Мелвил, Харпер Ли, Хортон, Хаксли, Орвел и многумина други.[2]

Како што ќе се обиде да покаже и овој текст, еден од најзначајните придонеси на таквиот тип истражувања во теориско-методолошка смисла е фактот што тие отвораат можност за креативна примена на методот на т.н. рефлективен еквилибриум, кој како теориска стратегија често се користи во етичките и филозофско-правните теории. Според овој метод, во размислувањето за етичките и филозофско-правните прашања, вообичаено поаѓаме од општи принципи што произлегуваат од нашето базично чувство за праведност, настојувајќи од нив да ги изведеме консеквенциите што би ги примениле врз конкретните, практични ситуации. Меѓутоа, во тој обид честопати се соочуваме со фактот дека докрај изведените консеквенции од нашите ставови во дадена ситуација не би биле прифатливи, затоа што се судираат со други морални и правно релевантни интуиции што наложуваат поинакво решение на конкретниот случај. Оттаму, неопходно е да се вратиме назад на нивото на нашите базични ставови и генерални принципи и да извршиме нивна соодветна ревизија, со цел тие подобро да се усогласат со комплексноста на реалната ситуација и да добијат поголема објаснувачка и оправдувачка моќ. Сепак, и овие модификувани формулации на принципите можат да бидат доведени под прашање кога ќе се соочат со нова, уште посложена конкретна ситуација, која ќе иницира нов циклус на нивно продлабочување и рафинирање. Крајната цел на овој динамичен процес (макар и само во потенција) е постигнувањето рамнотежа, стабилност и кохерентност на нашиот систем на верувања што произлегува од заемната усогласеност на општите принципи и на судовите за поединечните случаи. [3]

Во таа смисла, делата на авторите кои со својот книжевен талент успеваат најдобро и најуверливо да ги доловат животните ситуаци во кои жестоко се суди-

[2] Анализата на различните начини на кои вечните филозофско-правни прашања се истражуваат во книжевните текстови претставува една од централните преокупации на современото интердисциплинарно движење познато под името "Law and literature". За подетални информации околу видот на истражувањата што се развиваат во неговите рамки, видете, на пример, кај Posner 2009, LaCroix, McAdams and Nussbaum (eds.) 2016, Dolin 1999, Dolin 2007, Williams 2002, Williams 2005, итн.

[3] За подетална разработка на концептот „рефлективен еквилибриум“ на полето на теориите на праведноста, видете Роулс 2002.

раат различните принципи и интуиции за праведноста и за другите темелни вредности на човековата егзистенција се исклучително важни скалила во градењето на личниот и колективниот рефлективен еквилибриум. Тие автори, користејќи ја слободата на книжевната имагинација, успеваат да ја извлечат на виделина есенцијалната динамика на животната драма во нејзината концентрирана форма и да нè соочат со недоволноста на која било апстрактна концептуална шема да го опфати бесконечното богатство на човечкиот свет.

Навистина, строгиот и студен стил на Агата Кристи во кој главниот акцент е ставен врз комплицираната логичка структура на дејството придонесе за нејзината репутација на автор чии дела припаѓаат поскоро на „анимираната алгебра“ отколку на полнокрвната, вредносно комплексна книжевна фикција. Сепак, нејзиниот уникатен талент за навлегување во мрачната страна на човековиот ум креираше голем број имагинарни сценарија што со својата екстремност и впечатливост го исфрлаат читателот од (рефлективната) рамнотежа, принудувајќи го да преиспита некои од своите најдлабоки, инстинктивни морални реакции на опишаните настани. Се разбира, ликовите од делата на Агата Кристи се од поинаков книжевен формат, структура и длабочина отколку оние на Софокле или Достоевски, Кафка или Ками, но барем кај дел од нив крвавите јазли на егзистенцијата, сепак, пулсираат доволно силно за врз себе да го привлечат вниманието на филозофското око.

## 2. Правдата како мистерија: метафизичката димензија на откривањето на злоделата

Романот “And then there were none”, како и најголемиот дел од другите книжевни дела на Агата Кристи, се вбројува во т.н. mystery novels, во кои центарот на дејството се врти околу таинственоста на еден или повеќе злосторнички чинови и нивното постапно откривање.

Но во овој роман, над ова вообичаено ниво на одржување на фактичката мистериозност на дејството, постојано е присутен и еден друг, подлабок слој на индуцираното чувство на мистерија, од почетокот на заплетот па сè до трагичниот крај: мистериозноста на самото остварување на правдата, или барем на она што се прикажува како нејзино остварување. Имено, една од првите клучни сцени во романот – онаа со снимените обвинувања упатени кон жртвите – го навестува чувството на некој вид натприродно присуство, метафизичка сила која е супериорна над вообичаените човечки механизми на воспоставување и одржување на правдата, која е способна да го види она што не го гледа човечкото око, и да го разоткрие она што човек може совршено да го скрие од сите останати, освен од себеси и од својата совест: своите сопствени злодела. Така, менталната тортура и емоционалната агонија на жртвите што почнува со самото нивно зачекорување на изолираниот остров произлегува од застрашувачката свест дека одеднаш станале проѕирни како стаклени фигури. Нивните најдлабоки и најстрашни тајни се изнесени на виделина, куќата во која се заробени е судницата во која ги суди некаков натчовечки суд, и кој не можат да го избегнат, како што еднаш го избегнале чо-

вечкиот суд. Невидливата рака што ги казнува ги брише од таблата на животот како кревки пиони, исто толку лесно и неумоливо колку што ги уништува и фигуричките на десетте мали војничиња што стојат на кујнската маса и постепено исчезнуваат, зголемувајќи го чувството на панична непријатност кај преостанатите жртви.

Овој аспект од романот суштински кореспондира со една од можеби најдлабоките интуиции во врска со поимот на правдата што се има развиено уште во првите обиди за разбирањето и претставувањето, макар и на сликовит и метафоричен начин, на овој комплексен концепт. Станува збор за идејата за трансцендентниот, виш карактер на правдата, карактерот на ентитет што не потекнува од овој свет туку еманира од некаков супериорен извор и чии законитости никогаш не можат да бидат поништени или заобиколени. Потеклото на уверувањето дека човечките дела и постапки се под власта на закони од повисок ред – универзални, вечни, незаобиколни – може да се проследи наназад сè до самите почетоци на човечката цивилизација. Неговите траги можат јасно да се воочат уште во древните митолошки претстави за божественото потекло на правдата и праведноста, преку античките трагедии, сè до различните теориски концепции за таканареченото „природно право“. Во оваа перспектива, и самите човечки, позитивни закони го црпат својот легитимитет од степенот на сообразноста со барањата на овие виши – природни, рационални или божествени – закони. Така, огрешувањето од нив, во основа, никогаш не може да биде поништено или да остане неказнето, на еден или на друг начин. Како што вдахновено забележува Шекспировиот Хамлет (1. 2. 256) – душата треба само да се стрпи, затоа што секое злодело, макар и целата тежина на Земјата да налегнала врз него, кога-тогаш ќе биде откриено и санкционирано. Ваквата интуиција лежи и во основата на популарните претстави за правдата како сила што е бавна, но секогаш стасува на целта. Така не е случаен фактот што таа уште од древни времиња е персонификувана во божица која управува со севкупноста на Битието, честопати претставувана со терезија и со меч; таа има заврзани очи, но е сегледачка. Идејата за божествениот, универзален и нужен карактер на праведноста е особено впечатлива во контекст на религиозниот светоглед: долговите кон правдата секогаш мора да бидат платени – било на овој, било на „оној“ свет.

Во таа смисла, ликовите на романот “And then there were none”, иако на рационално рамниште по извесно време доаѓаат до сознанието дека убиецот мора да биде некој што се наоѓа меѓу самите нив, на психолошки план не можат да го избегнат чувството дека, фатени во островската стапица, претставуваат не само физички, туку и еден вид метафизички плен. Плен на мистериозната рака, која се претставува како рака на правдата што ги казнува за нивното прекршување ако не на позитивните, пишаните, тогаш на темелните, макар и непишани, морални закони (а во мнозинството случаи, и за двете).

Меѓутоа, мајсторството на Агата Кристи не би било толку впечатливо доколку не би било способно да си поигрува со свесните и несвесните интерпретативни клишеа, дури и со оние кои се чинат најтешки за разнишување. Имено, кога на крајот на романот на островот останува уште поголем пустош од претходно –

пустошот на десеткратната смрт, останува да лебди и прашањето околу природата на мистериозната рака: дали таа навистина може да се смета за рака за правдата или, напротив – за рака на нејзината сенка и, честопати, блиска придружничка – неправдата? Имено, едно поблиско запознавање со индивидуалните судбини на личностите намамени на кобниот остров покажува цела лепеза на разновидни мотиви и ситуации што нив ги вовлекле во различни видови злодела – недокажливи или тешко докажливи, докажливи но недокажани, докажани но несанкционирани. Во една од нив станува збор за сообраќајна незгода поради крајна небрежност и неодговорност, во друга – за лекарска грешки под дејство на алкохол, во трета – за праќање на потчинети во ризични акции под дејство на лични мотиви, во четврта – за недавање витален медикамент на личност од која се очекува наследство, во петта – за злосторство инспирирано од страсна љубов, итн. Дел од извршителите на овие дела чувствуваат огромен степен на вина, додека други целосно ги игнорираат негативните консеквенции од своите поранешни постапки и воопшто не се вознемируваат околу нив, наоѓајќи индивидуални начини за стивнување на гласот на сопствената совест. Исто така, степенот на тежината на делата извршени во минатото не коинцидира наполно со општиот морален хабитус и карактер на личностите што ги извршиле. Така, дел од најчувствителните и, во своето сегашно поведение, најкоректни личности се товарат за најтешки недела, а некои од најгрубите, нечесни и одбивни карактери котираат пониско на скалата на вината што им се припишува за инкриминираните постапки во минатото.

Оваа хетерогеност на личностите, мотивите, постапките, и ситуациите што ги вовлекле во трагичните околности на злосторствата стои во силен контраст со униформноста на судбината што ги чека ликовите од романот на изолираниот остров: смртната казна досудена и извршена од невидливиот егзекутор, која ги поништува сите разлики меѓу нив, вклучително и разликите во степенот на лична одговорност и правно релевантна вина на секого од нив. Следствено, логично се поставува прашањето дали таквиот исход навистина претставува конечно извршување на претходно изиграната и заобиколена правда, или, напротив, нејзино ново нарушување, на уште подлабоко ниво?

Имајќи ја предвид неизбежноста на ова прашање, станува очигледно дека Кристи во својот роман суптилно го разнишува шематизмот на црно-белата композиција во поглед на моралниот статус на ликовите во крими-мистериите. Во сивата, траурна зона што го опкружува осамениот остров – буквално, преку облаците и невремето, а и метафорично, преку замаглените граници меѓу исправното и погрешното – фигурите на злосторникот и жртвата, судијата и обвинетиот, креаторот на мистеријата и нејзиниот расветлувач повеќе не можат да се разликуваат една од друга, бидејќи се слеваат во една единствена личност, централниот лик во романот – судијата Варгрејв. Низ неговите постапки, расветлени во финалниот мистериозен елемент во романот – пораката во шише најдена во морето – најјасно се рефлектира опасноста од ригидното, апсолутистичко сфаќање на правдата, особено прекршена низ призмата на индивидуалната концепција за вината и казната.

### 3. Злосторството како казна, казната како злосторство

Во прочуениот роман на Достоевски, *Злосторство и казна*, агонијата на извршителот на убиството, Раскољников, длабински ја расветлува поентата за сложениот однос помеѓу правната и моралната вина, односно казна. Имено, правната казна, во најопшта смисла, временски настапува одреден временски период по извршувањето на злосторството; таа по дефиниција е сукцесивна на казненото дело, претставувајќи, барем во ретрибутивистичката концепција за правдата и казнувањето, справедливо возвраќање за нанесеното зло од страна на сторителот.[4] Но, во морална смисла, како што покажа брилијантната психолошка анализа на Достоевски, казната во форма на чувство на вина, всушност, е симултана со злоделото. Таа започнува во самиот миг на неговото извршување и ја нагризува најдлабоката основа на личноста до степен на неиздржливост. Интензивното чувство на вина го одвојува злосторникот од самиот себеси и од другите луѓе со тежината на тајната што ја крие, доведувајќи го до состојба во која тој самиот ја посакува правната форма на казната како начин на „отплаќање на долгот" и повторно, макар и делумно возобновување на врската со себеси и со општеството.

Статусот на самото злосторство како казна пострашна од која било друга казна што самиот човек кој одзел или придонел за одземање на туѓ живот си ја нанесува на самиот себеси е идеја што е јасно присутна и кај дел од ликовите од "And then there were none". Со оглед на специфичноста на нивната положба на пустиот остров и оттргнатоста од општествениот, вклучително и правниот систем, крајниот степен на самоказнувањето во тие околности се манифестира со потенцијалната или актуална желба за самоуништување, која кулминира во чинот со кој завршува самиот роман: самоубиството на последната личност како начин за избавување од неиздржливиот внатрешен конфликт. Меѓутоа, една повнимателна анализа на настаните и ликовите од романот покажува дека дејствувањето на овој механизам на грижа на совеста не може да се воочи кај сите, туку единствено кај дел од нив – имено, кај оние што се најчувствителни, морално пософистицирани од останатите и кои своите злодела ги направиле поради љубов кон други личности. Оттаму, тие се и најподложни на манипулација со чувството на вина: така, мистериозниот убиец и мајстор за психолошка тортура не ја убива во буквална смисла на зборот последната личност, туку, добро познавајќи ја нејзината ментална и емоционална структура, ја наведува самата да го стори тоа, наполно сигурен дека таквиот исход ќе биде неизбежен дури и без неговото присуство.

Меѓутоа, освен варијацијата на овој мотив на злосторството како казна една од најпровокативните идеи во романот на Кристи е третирањето и на обратната насока од оваа релација: феноменот на казната како злосторство. Тој мотив, како што и претходно беше споменато, е најцелосно прикажан во личноста на судијата Варгрејв. Парадоксалноста на неговиот лик во романот оди дури и чекор подалеку од парадоксалноста на ликот на Ојдип кој посветено трага по убиецот на

[4] Видете Walen 2016 за концизна анализа на концептот на ретрибутивната правда како теорија на казнувањето.

Лај, без да знае дека убиецот, всушност, е самиот тој. Имено, Варгрејв, во текот на целото дејство на романот, наполно свесен дека самиот тој е убиецот, ги наведува другите личности да мислат дека тој искрено трага по непознатиот извршител на убиствата, додека целата поента на неговите дејства се состои во тоа да го скрие овој факт, како од жртвите така и од потенцијалните истражители на злосторствата. Оваа согледба претставува патоказ кон вистинскиот мотив на повеќекратното убиство што го извршува поранешниот судија: неговата садистичка желба да изврши злосторство, но не какво било, туку совршено злосторство, кое е толку ингениозно осмислено што не може да се открие и, следствено, не може ниту да се казни. Сепак, силината на чувството дека не смеат да страдаат невини луѓе го спречува жртвите на тоа злосторство да бидат случајни личности, па затоа внимателно ги избира „веќе виновните“ и ги вовлекува во мистеријата на „совршеното“ убиство, кое никој не би можел да го разреши. Според неговото сопствено признание од пораката во шишето фрлено во морето, единствената пречка за остварувањето на замислата за „совршеноста“ на неговото (не)дело е неговата сопствена суета, која го натерала, сепак, да го открие пеколното сценарио и својата улога во него, макар и по сопствената смрт.

Писмото на судијата Варгрејв не само што ја објаснува навидум необјаснивата логика на настаните на морничавиот остров туку и фрла светлина врз патолошката страна од неговиот карактер во кој, како што самиот потенцира, уште од најраната возраст коегзистираат две опсесии: опсесијата со смртта и опсесијата со правдата. Заедничкиот именител на овие две опсесии, слеани во погубниот „комплекс на Бог“ (God complex), всушност, е екстремната желба за моќ, манифестирана како компулзивна потреба лично да се господари со најсуштествените човечки вредности: животот и праведноста. Оттаму, моќната идеја дека е недопустливо страдањето на невини суштества, во умот на Варгрејв станува опасно оружје: таа е едновремено и легитимациско орудие за егзекуцијата на личностите што носат некој степен на вина за страдањето на други човечки личности, и критериум за селекција на жртвите на неговиот сопствен монструозен план за совршено злосторство.

Така, морничавиот исход од настаните на островот сведочи за длабочината на опасноста што ја сочинува опсесивното, круто, екстремно и ригидно сфаќање на праведноста, особено од позицијата на една индивидуа која се става во улога и на обвинител и на судија и на егзекутор на други личности, водена исклучиво од својата визија на исправното и на погрешното. Се разбира, ситуацијата отсликана во романот на Кристи е дополнително комплицирана од фактот што станува збор за личност што долги години легитимно, како дел од казнениот систем, го носела товарот на одлучувањето за тешките прашања на вината и казната, животот и смртта, па патолошките застранувања би можеле делумно да се припишат и на психолошкото сраснување со таа привилегирана, супериорна судиска позиција и нејзино некритичко апсолутизирање далеку надвор од границите на професионалната функција.

Меѓутоа, дури и кога би се оставиле настрана екстремите на моралната и психолошката дисторзија што придонесуваат за слевање во едно на ликовите на

судијата и убиецот, дејството на овој роман открива определени аспекти што се високо релевантни и за разбирањето на суштината на правните феномени и во реалниот, нефикционален свет. Така, тоа може да се толкува и како уверлива илустрација на мотивите што ја наметнуваат посебната структура на современите казнено-правни постапки. Таквата структура ја одразува неопходноста во најголема можна мера да се елиминира опасноста од тоа казната, наместо да биде санкција за извршено злодело, да се претвори во ново злосторство со која на неповратен начин би биле повредени самите фундаментални вредности што правото ги штити и оделотворува. Несовршеноста на казнениот систем, кој тешко може да обезбеди идентификување и праведно казнување на сите сторители на казнени дела, и само на нив, е една од поентите на кои романот на Кристи уверливо посочува; но, тој едновремено посочува на длабинската несовршеност на човечките суштества кои отстапувајќи од таквиот систем и индивидуално зачекорувајќи во „минските полиња“ на казнувањето и егзекуцијата честопати можат да ископаат бездни подлабоки од оние што се обидуваат да ги пополнат.

**Наместо заклучок**

Со наоѓањето на пораката во шише што детално ги опишува бизарните и трагични настани на осамениот остров, во романот е разрешена крими-мистеријата која до последната страница го држи вниманието на читателот во напнато исчекување. Сепак, прашањата што таа ги отвора се во длабинска врска со некои од стожерните прашања што од самите почетоци на цивилизацијата и организираниот општествен живот го преокупираат човековиот ум: Што е правдата? Кое е нејзиното вистинско потекло? Дали е таа иманентна или трансцендентна вредност? Кој ја определува мерата на исправното и погрешното – поединецот или заедницата? Од каде произлегува правото на казнување? Кој и врз основа на што има право да ја определи туѓата вина и видот на казната? Што е тоа што го наведува човекот на злосторство, наспроти свеста за статусот на делото што го врши и за санкциите што го очекуваат? Која е невидливата точка на внатрешно прекршување во која личноста радикално го разорува сопственото морално јадро, извршувајќи најодбивни дела насочени против други човечки суштества? Дали правната казна е вид општествена одмаза за сторените недела? Може ли да има совршен казнен систем? Ако не е можно тоа, како да се пополнат неизбежните празнини во неговата структура и практично функционирање? Или како да се постапува доколку системот како целина е нефункционален или систематски злоупотребуван?

Одговорите на овие прашања, се чини, никогаш нема да дојдат до нас на лесен и едноставен начин. Страниците на книгите што се занимаваат со нив, било на теориски, било на книжевен начин, барем во некои мигови, навистина наликуваат на запечатени шишиња со пораки што пловат по бурниот океан на човечката егзистенција, со крајно неизвесна судбина и дестинација. Соочен со ваквите прашања, нашиот рефлективен еквилибриум се одликува со приближно истиот степен на стабилност како оној што го поседува некое малечко, кревко чамче фрлено во борба со бесните морски бранови.

**Литература**

Christie, Agatha. (2009) *And Then There Were None*. New York: Harper Collins.

Dolin, Kieran. (2007) *A Critical Introduction to Law and Literature*. Cambridge: Cambridge University Press.

Dolin, Kieran. (1999) *Fiction and the Law: Legal discourse in Victorian and Modernist Literature*. Cambridge: Cambridge University Press.

Достоевски, Фјодор Михалович. (2015) *Злосторство и казна*. Прев. Цветко Мартиновски. Скопје: Арс ламина.

LaCroix, Alison, Richard H. McAdams and Martha C. Nussbaum, ed. (2016) *Fatal Fictions: Crime and Investigation in Law and Literature*. Oxford: Oxford University Press.

Posner, Richard. (2009) *Law and Literature*. 3rd ed., Cambridge, Massachusetts: Harvard University Press.

Роулс, Џон. (2002) *Теорија на праведноста*. Прев. Драган Јакимовски. Скопје: Слово.

Софокле. (1991) *Ојдип Тиранин. Ојдип на Колон*. Преп. Даница Чадиковска. Скопје: Мисла.

Шекспир, Вилијам. (2008) *Кралот Лир. Макбет. Отело. Хамлет*. Преп. Драги Михајловски. Скопје: Каприкорнус.

Walen, Alec. (2016) “Retributive Justice”. The Stanford Encyclopedia of Philosophy (Winter 2016 Edition). Edward N. Zalta (ed). https://plato.stanford.edu/ archives/win2016/entries/justice-retributive/. Accessed on 5 June 2017

Williams, Melanie. (2005) *Secrets and Laws: Essays in Law, Life and Literature*. London: Routledge-Cavendish.

Williams, Melanie. (2002) *Empty Justice: One Hundred Years of Law, Literature and Philosophy – Existential, Feminist and Normative Perspectives in Literary Jurisprudence*. London and Sydney: Cavendish Publishing.

*Ana DIMISHKOVSKA*

**UDK: 340.12:82-312.3**
Original research article

**THE MYSTERIOUS HAND OF (IN)JUSTICE: THE THIN LINE BETWEEN CRIME AND PUNISHMENT IN THE NOVEL "AND THEN THERE WERE NONE" BY AGATHA CHRISTIE**

***Abstract***

*This paper aims to contribute to the exploration of the productive relationships between philosophy, law and literature, in the spirit of the contemporary "Law and Literature" movement. More specifically, it analyses the key leitmotifs of the famous mystery novel "And Then There Were None" by Agatha Christie, revealing their potential to illustrate the complexity and the deep existential relevance of some of the most important questions tackled by the philosophy of law as a discipline. The specific interconnectedness of the ideas of justice, guilt, crime, revenge and punishment, reflected by the complicated structure of the plot of Christie's novel, is viewed as an opportunity to test and further refine our fundamental intuitions about the principles of justice and their practical application.*

***Key words***: *PHILOSOPHY OF LAW, LAW AND LITERATURE, MYSTERY NOVEL, JUSTICE, CRIME, PUNISHMENT*

## Introduction

